Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] **- Скопје**, за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 12 (дванаесет) дрва ( 4 кисели дрва, 2 бора, 2 липи, багрем, чемпрес, дудинка и див костен), **односно подигнување на долни ниски гранки од стеблата**, што се наоѓаат на **ул. "Ѓуро Ѓаковиќ" бб – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвата, односно подигнувањето на долни ниски гранки од стеблата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата, односно подигнување на долни ниски гранки од стеблата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] **- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/262** од **26.04.2024** година, за кастрење на дрва, **односно подигнување на долни ниски гранки од стеблата** што се наоѓаат на **ул. "Ѓуро Ѓаковиќ" бб – Скопје.**
Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, дрвата предмет на барањето потребно е да се искастрат, односно подигнат долните ниски гранки од стеблата во парцелата.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, односно да се подигнат долните ниски гранки од стеблата, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/262/2**
**20.05.2024** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**
______________________
Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
______________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________